Врз основа на член 58 став (1) точка 3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20, 74/20 и 76/20), во членот 1, по точката 5. се додава нова точка 6., која гласи:

„ 6. Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во деновите сабота и недела, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредениот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-2416/4**
**25 март 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**